**Известување од одржаното Собрание на акционери на Прилепска пиварница А.Д. Прилеп на ден 28.05.2015 година**

Прилепска пиварница А.Д. Прилеп ги известува акционерите дека на ден 28.05.2015 година во просториите на друштвото беше одржано Собрание на акционери на кое присуствуваа акционери кои претставуваа **29776** акции со право на глас и на истото едногласно, со **29776** гласови „**За**“ ниту еден глас „**против**“ и ниту еден глас „**воздржан**“ беа донесени предложените одлуки и тоа: Одлука за усвојување на Извештајот на Ревизорската куќа ТП Ревизија Трејд Витанов Струмица за работењето на Прилепска пиварница АД – Прилеп за 2014 година, Одлука за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Прилепска пиварница АД – Прилеп за 2014 година, Одлука за усвојување на Извештајот за работењето на Службата за внатрешна ревизија за периодот од 01.01.2014 година до 31.12.2014 година, Одлука за усвојување на Извештајот на Надзорниот одбор за 2014 година, Одлука за усвојување на Годишната сметка на Прилепска пиварница АД Прилеп за 2014 година, Одлука за употреба и распоредување на остварената добивка на Прилепска пиварница АД – Прилеп за 2014 година, Одлука за утврдување на датуми за исплата на дивиденда за 2014 година (дивиденден календар), Одлука за одобрување на работата и на водењето на работењето со Прилепска пиварница АД – Прилеп на членовите на Управниот одбор за 2014 година и Одлука за одобрување на работата и на водењето на работењето со Прилепска пиварница АД – Прилеп на членовите на Надзорниот одбор за 2014 година.

Собранието на акционери на Прилепска пиварница А.Д. Прилеп поради немање на кворум (неприсуство на носителите на права на приоритетните акции) не ги донесе предложените одлуки за конверзија на приоритетните акции во обични акции со право на глас и предложената измена на Статутот на Прилепска пиварница А.Д. Прилеп. За овластен ревизор за ревизија на Финансиските извештаи на Прилепска пиварница А.Д. Прилеп за 2015 година беше избрана понудата на ТП Ревизија Трејд Витанов Струмица.